# ВОВЕДУВАЊЕ ПРАВЕДЕН ДАНОК

## ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

ТЕКСТОТ НА СОДРЖИНАТА Е ИНТЕРАКТИВЕН



## СОДРЖИНА


ПОТРЕБА ОД ВОВЕДУВАЊЕ ПРАВЕДЕН ДАНОК 3

ИСТОРИЈАТ НА РАМНИОТ ДАНОК 6

ПОСТОЈНИОТ СИСТЕМ НА ДАНОК НА ДОХОД ВО МАКЕДОНИЈА 8

РАСПРЕДЕЛБА НА ДОХОДОТ ВО МАКЕДОНИЈА 11

ГЛАВНИ ПРОМЕНИ ШТО СЕ ПРЕДЛАГААТ КАЈ ДАНОКОТ НА ДОХОД 15

СООДВЕТНОСТ НА ПРАГОТ ЗА ПОВИСОКАТА СТАПКА 17

СТАПКИТЕ НА ДАНОКОТ НА ДОХОД ВО МАКЕДОНИЈА ВО МИНАТОТО 19

ПРАКТИЧНА ПРИМЕНА НА ПРОГРЕСИВНИОТ ДАНОК 20

ПРОМЕНИ КАЈ ЛИЦА СО РАЗЛИЧНИ НИВОА НА ДОХОД 21

МАКРОЕКОНОМСКИ ЕФЕКТИ ОД ПРОМЕНИТЕ 24

# ПОТРЕБА ОД ВОВЕДУВАЊЕ ПРАВЕДЕН ДАНОК

**Македонија има рекордна социјална нееднаквост во Европа**. Најдоходовните 1% од луѓето во Македонија заработуваат 14,4% од вкупниот доход во државата, што е највисоко од сите европски земји за кои постојат вакви податоци (Графикон 1). Тоа значи дека **најдоходовните 1% заработуваат 14,4 пати повеќе од просекот, односно 4486 евра месечно, наспроти 311 евра, колку што изнесува просекот.** Истовремено, 21,9% од населението во Македонија е сиромашно, што повторно е едно од највисоките нивоа во Европа.

**ГРАФИКОН 1**

**Учество на најдоходовните 1% од популацијата во вкупниот доход во државата (во проценти)**




Извор: Министерство за финансии и World Wealth and Income Database

**Ваквата социјална нееднаквост е штетна за општеството.** Таа ја намалува довербата помеѓу луѓето, ја влошува општествената кохезија, креира средина во која луѓето немаат еднакви можности туку успеваат само привилегираните, а преку сето ова и го забавува економскиот раст.

**Главната причина за нееднаквоста во Македонија е рамниот данок.** Тој ги привилегира оние што заработуваат повеќе, односно не ги оданочува согласно нивните можности, со што придонесува за раслојувањето. Не случајно нееднаквоста во Македонија почнува драстично да расте токму по воведувањето на рамниот данок во 2007 година (Графикон 2).

**ГРАФИКОН 2**

**Учество на најдоходовните 1% од населението во вкупниот доход во Македонија, низ години (во проценти)**




Извор: Standardized World Income Inequality Database, верзија 4

**Истовремено, Македонија има и релативно ниско ниво на буџетски приходи, што ја остава државата без доволно средства за обезбедување квалитетни јавни услуги, како здравство, образование и социјална заштита.** Приходите на општата влада во Македонија во 2016 година изнесувале 27,8% од БДП, што е едно од најниските нивоа во Европа (Графикон 3). Само Ирска, Косово и Албанија имаат слично ниво на буџетски приходи како Македонија, додека сите други европски земји имаат значајно повисоки приходи.

**ГРАФИКОН 3**

## Приходи на општа влада во 2016 година (како процент од БДП)




Извор: База на податоци на World Economic Outlook, октомври 2017

Воведувањето праведен, односно прогресивен данок е неопходно за да се намалат овие проблеми. Со праведниот данок би се намалила нееднаквоста во државата и би се прибрале дополнителни средства во државниот буџет за намалување на сиромаштијата и за подобрување на јавните услуги.

# ИСТОРИЈАТ НА РАМНИОТ ДАНОК

**Рамниот данок во Македонија беше воведен во 2007 година, во оној бран кој некои економисти го нарекоа „манија по рамниот данок“[1].**

Првите земји што го воведоа рамниот данок беа балтичките. Естонија и Литванија го воведоа во 1994 година, а Летонија во 1997 година. Бројот на источноевропски држави што го прифаќаа рамниот данок растеше во годините што следуваа, како што може да се види во Табела 1.

ТАБЕЛА 1

**Источноевропски земји што имале рамен данок**

| ЗЕМЈА | ГОДИНА НА ВОВЕДУВАЊЕ |
|---|---|
| Естонија | 1994 |
| Литванија | 1994 |
| Летонија | 1997 |
| Русија | 2001 |
| Словачка | 2004 |
| Украина | 2004 |
| Романија | 2005 |
| Македонија | 2007 |
| Црна Гора | 2007 |
| Босна и Херцеговина | 2007 Република Српска, 2009 Федерација БиХ |
| Чешка | 2008 |
| Бугарија | 2008 |
| Албанија | 2008 |
| Белорусија | 2009 |
| Унгарија | 2012 |

Извор: Министерства за финансии на соодветните земји

[1] Michael Keen, Yitae Kim, and Ricardo Varsano, “The “Flat Tax(es)”: Principles and Evidence”, International Tax and Public Finance (2008) 15:6, 712-751

**Сепак, во последните години присутен е еден друг тренд, а тоа е трендот на напуштање на рамниот данок.** Така, пет од овие држави веќе го напуштија рамниот данок - Чешка, Словачка и Црна Гора во 2013 година, Албанија во 2014 година, а од 2018 година дури и Летонија, која беше еден од симболите на рамниот данок. Дополнително, Босна и Херцеговина исто така е во подготовка за напуштање.

Значајно е да се истакне и дека рамниот данок е своевиден географски феномен, односно никогаш не бил раширен во други региони освен во Источна Европа. **Единствената западноевропска земја што имала рамен данок е Исланд, која го воведе во 2007 година, но го напушти веќе во 2010 година.**

## Албанија, пример за успешно напуштање на рамниот данок

Албанија воведе рамен данок во 2008 година, со стапка од 10%. Сепак, го напушти веќе во 2014 година, кога воведе две стапки – 13% и 23%.

Враќањето на прогресивниот данок во Албанија беше проследено со:

- раст на буџетските приходи од околу 2% од БДП;
- забавување на растот на јавниот долг (долгот во 2010-2013 година порасна од 58% на 70% од БДП, по 2014 година се стабилизираше на 70-71% од БДП%);
- забрзување на растот на БДП (во 2012 и 2013 година растот беше 1,2%, во 2014-2016 година, 2,5%).

# ПОСТОЈНИОТ СИСТЕМ НА ДАНОК НА ДОХОД ВО МАКЕДОНИЈА

Во моментов, секој доход што се остварува во Македонија се оданочува со пропорционална, т.е. „рамна“ стапка од 10%, независно од висината на доходот.

Оваа стапка е меѓу најниските во Европа (Табела 2).

**ТАБЕЛА 2**

**Стапки на данок на доход во европските земји**

| Економија | највисока стапка на данок на доход | најниска стапка на данок на доход |
|---|---|---|
| Косово | 10,0% | 4,0% |
| Македонија | 10,0% | 10,0% |
| Бугарија | 10,0% | 10,0% |
| БиХ | 10,0% | 10,0% |
| Романија | 10,0% | 10,0% |
| Црна Гора | 11,0% | 9,0% |
| Русија | 13,0% | 13,0% |
| Белорусија | 13,0% | 13,0% |
| Унгарија | 15,0% | 15,0% |
| Литванија | 15,0% | 15,0% |
| Молдавија | 18,0% | 7,0% |
| Украина | 18,0% | 18,0% |
| Србија | 20,0% | 10,0% |
| Естонија | 20,0% | 20,0% |
| Чешка | 22,0% | 15,0% |
| Албанија | 23,0% | 13,0% |
| Словачка | 25,0% | 19,0% |
| Летонија | 31,4% | 20,0% |
| Полска | 32,0% | 18,0% |
| Кипар | 35,0% | 20,0% |

| Економија | највисока стапка на данок на доход | најниска стапка на данок на доход |
|---|---|---|
| Хрватска | 36,0% | 12,0% |
| Норвешка | 38,5% | 24,0% |
| Ирска | 40,0% | 20,0% |
| Луксембург | 42,0% | 8,0% |
| Италија | 43,0% | 23,0% |
| Шпанија | 45,0% | 19,0% |
| Обед. Кралство | 45,0% | 20,0% |
| Германија | 45,0% | 14,0% |
| Франција | 45,0% | 14,0% |
| Грција | 45,0% | 22,0% |
| Исланд | 46,0% | 36,0% |
| Португалија | 48,0% | 14,5% |
| Белгија | 50,0% | 25,0% |
| Словенија | 50,0% | 16,0% |
| Швајцарија | 51,0% | 13,0% |
| Холандија | 52,0% | 8,9% |
| Финска | 53,8% | 22,5% |
| Австрија | 55,0% | 25,0% |
| Данска | 55,9% | 8,0% |
| Шведска | 57,0% | 32,0% |

Извор: Министерства за финансии на соодветните земји

Доходот од камати на орочените депозити моментално не се оданочува во Македонија. Сите земји на ЕУ, со исклучок на Естонија, ги оданочуваат и каматите. Од регионот, единствено Република Српска не ги оданочува каматите.

Освен доходот од камати, во Македонија не се оданочува ни доходот од капитални добивки од хартии од вредност.

За доходот од плати и пензии постои даночно намалување од 7531 денар, што значи дека на првите 7531 денар, не се плаќа данок.

За многу други видови доход, постојат даночни намалувања во вид на нормирани трошоци. Тие ја намалуваат даночната основа за одреден процент, а со тоа и ефективната даночна стапка. Така, ако нормираните трошоци изнесуваат 40%, тоа значи дека даночната основа се намалува за 40%, односно ефективната даночна стапка изнесува 6% наместо 10%.

Нормираните трошоци во Македонија се прикажани во Табела 3, каде што исто така можат да се видат и нормираните трошоци во земјите од регионот. Може да се забележи дека споредено со земјите од регионот, нормираните трошоци во Македонија се релативно високи. За сите видови доход, нормираните трошоци во Македонија се всушност највисоки во регионот.

**ТАБЕЛА 3**

### Нормирани трошоци во земјите од регионот

| Тип на доход | Хрватска | Словенија | Албанија | Бугарија | Македонија |
|---|---|---|---|---|---|
| имот | 30% | 10% | нема | 10% | 25%-30% |
| капитални добивки | нема | нема | нема | 10% | 30% |
| авторски права | 30% | 10% | нема | 40% | 25%-60% |
| други приходи | нема | нема | нема | нема | 35% |

Извор: Министерства за финансии на соодветните земји

Поради ваквите даночни намалувања, ефективната стапка на данок на доход за различните видови доход во Македонија е значајно пониска од номиналните 10% и изнесува во просек 6,2% (Табела 4).

**ТАБЕЛА 4**

## Ефективна стапка на данок на доход за различни видови доход во 2017 година

| Вид на доход | ефективна стапка на данок на доход (%) |
|---|---|
| Плата и надоместоци на плата од работен однос и исплата по основ на деловна успешност на работодавачот на кои се платени придонеси | 5,9% |
| Дополнителни примања и надоместоци на трошоци од работен однос на кои не се платени придонеси | 10,0% |
| Пензии | 5,0% |
| Примања на членови на органите за управување и надзор на трговски друштва | 10,0% |
| Примања на функционери, пратеници и советници | 10,0% |
| Надоместоци за работа на судии поротници, вешти лица и стечајни управници кои немаат својство на вработени лица кај исплатувачот | 9,9% |
| Надоместоци на членови на МАНУ | 10,0% |
| Лични примања по договор за повремено или привремено вршење услуги | 10,0% |
| Приходи од имот (закупнини на движен и недвижен имот) | 7,5% |
| Приходи од авторски права и права од индустриска сопственост | 6,2% |
| Дивиденди и други приходи, остварени со учество во добивката кај исплатувачот | 10,0% |
| Приходи од камати од заеми, обврзници и други хартии од вредност | 9,5% |
| Добивки од игри на среќа и други наградни игри | 10,0% |
| Други видови приходи платени по одбивка | 8,6% |
| **Вкупно** | **6,2%** |

Извор: Министерство за финансии

# РАСПРЕДЕЛБА НА ДОХОДОТ ВО МАКЕДОНИЈА

Како е распределен доходот во Македонија во 2017 година, може да се види во Табела 5. **Една половина од лицата што остваруваат доход имаат доход до 163.715 денари годишно** (во нето износ). Просечниот доход на овие 50% изнесува 103.458 денари годишно.

**Деведесет проценти од популацијата имаат годишен доход до 373.207 денари,** додека лица со доход над 509.328 денари годишно, спаѓаат во горните, т.е. најдоходовните 5%. Прагот за најдоходовните 1% изнесува 1.152.118 денари. **Најдоходовните 1% во 2017 година заработувале во просек 3.310.790 денари годишно, односно 4486 евра месечно.**

ТАБЕЛА 5

**Дистрибуција на нето-доходот во Македонија во 2017 година**

| Доходовна група | Праг за групата (денари годишно) | Просечен доход во групата (денари годишно) |
|---|---|---|
| 0%-50% | - | 103.458 |
| 50%-60% | 163.715 | 177.282 |
| 60%-70% | 191.028 | 208.023 |
| 70%-80% | 227.049 | 251.029 |
| 80%-90% | 276.789 | 316.560 |
| 90%-95% | 373.207 | 429.761 |
| 95%-96% | 509.328 | 537.109 |
| 96%-97% | 568.189 | 607.026 |
| 97%-98% | 653.102 | 716.711 |
| 98%-99% | 795.565 | 941.309 |
| 99%-100% | 1.152.118 | 3.310.790 |

Извор: Министерство за финансии

Во Табела 6 можат да се видат некои дополнителни податоци. Околу една половина од населението, поточно 943.000 лица, оствариле некаков доход во 2017 година. Платата е најчестиот вид на доход. Околу 578.000 лица имале доход од плата во 2017 година, при што доходот кој го оствариле од ова претставува 60% од вкупниот нето-доход во државата. Пензиите се на второ место, со 24% од вкупниот доход. Дивидендите се трети, со 5,5%, додека доходот од имот има учество од 2,6%.

Од табелата може да се види и дистрибуцијата на различните видови доход. Вкупно 14,4% од вкупниот доход завршува кај најдоходовните 1% од населението. Кога е во прашање доходот од плати, 9% од него завршува кај најдоходовните 1%.

Кај другите видови доход, дистрибуцијата е многу понерамномерна. **Кај доходот од имот, околу 38% завршува кај најдоходовните 1%, кај доходот од игри на среќа, околу 60%, додека кај другиот доход, околу 50%. Најконцентриран е доходот од капитал, каде што повеќе од 90% од доходот завршува кај најдоходовните 1% од населението.**

## Видови доход и нивна дистрибуција

ТАБЕЛА 6

| Вид на доход | остварен нето -доход (милиони денари) | луѓе што остваруваат ваков доход | процент од доход кој оди кај најдоходовните 1% |
|---|---|---|---|
| Плата и надоместоци на плата од работен однос и исплата по основ на деловна успешност на работодавачот на кои се платени придонеси | 128.609 | 577.876 | 9,0% |
| Дополнителни примања и надоместоци на трошоци од работен однос на кои не се платени придонеси | 5.831 | 358.518 | 18,9% |
| Пензии | 50.871 | 319.647 | 0,4% |
| Примања на членови на органите за управување и надзор на трговски друштва | 746 | 4.990 | 69,1% |
| Примања на функционери, пратеници и советници | 184 | 2.546 | 11,7% |
| Надоместоци за работа на судии поротници, вешти лица и стечајни управници кои немаат својство на вработени лица кај исплатувачот | 39 | 1.396 | 30,0% |
| Надоместоци на членови на МАНУ | 24 | 45 | 74,5% |
| Лични примања по договор за повремено или привремено вршење услуги | 8.632 | 106.672 | 34,9% |
| Приходи од имот (закупнини на движен и недвижен имот) | 5.575 | 22.906 | 38,2% |
| Приходи од авторски права и права од индустриска сопственост | 2.973 | 24.334 | 39,4% |
| Дивиденди и други приходи, остварени со учество во добивката кај исплатувачот | 11.834 | 29.814 | 90,4% |
| Приходи од камати од заеми, обврзници и други хартии од вредност | 54 | 94 | 92,0% |
| Добивки од игри на среќа и други наградни игри | 219 | 2.840 | 59,3% |
| Други видови приходи платени по одбивка | 1.127 | 37.517 | 49,6% |
| **Вкупно** | **216.721** | **943.375** | **14,4%** |

Извор: Министерство за финансии

Табела 7 ја прикажува структурата на доходот за различни доходовни групи. Може да се забележи дека за **првите 99% од популацијата, платите и пензиите постојано сочинуваат помеѓу 85-95% од доходот**, додека за најдоходовните 1%, учеството на платите и пензиите драстично се намалува, за сметка на доходот од капитал (имот и дивиденди). **За најдоходовните 1%, учеството на дивидендите и имотот достигнува 40%, додека за најдоходовните 0,1%, скоро 60%.**

ТАБЕЛА 7

**Структура на доходот за различни доходовни групи**

| Доходовна група | Просечен годишен нето-доход (денари) | Учество на плати во вкупен доход (%) | Учество на пензии во вкупен доход (%) | Учество на доход од имот во вкупен доход (%) | Учество на дивиденди во вкупен доход (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| 0%-50% | 103.458 | 50,1% | 36,8% | 0,8% | 0,8% |
| 50%-60% | 177.282 | 55,4% | 39,7% | 0,4% | 0,1% |
| 60%-70% | 208.023 | 55,7% | 39,5% | 0,6% | 0,1% |
| 70%-80% | 251.029 | 68,6% | 26,5% | 0,8% | 0,2% |
| 80%-90% | 316.560 | 75,2% | 17,7% | 1,4% | 0,4% |
| 90%-99% | 550.107 | 73,5% | 8,2% | 4,3% | 1,5% |
| 99%-100% (најдоходовни 1%) | 3.310.790 | 37,2% | 0,7% | 6,8% | 34,3% |
| 99,9%-100% (најдоходовни 0,1%) | 14.800.000 | 28,1% | 0,2% | 4,9% | 52,9% |

Извор: Министерство за финансии

Графикон 4 ја покажува вкупната ефективна даночна стапка како процент од бруто-доходот, односно вкупните давачки што еден вработен ги плаќа на државата директно од својот доход (т.е. данокот на доход и придонесите за социјално осигурување).

Регресивноста на постојниот даночен систем е евидентна кај најдоходовните 1%. Ефективната даночна стапка континуирано расте за првите 99% од популацијата, од 17,8% за првите 50%, до 26,9% за оние помеѓу 90% и 99% од популацијата. Меѓутоа, за најдоходовните 1%, таа почнува да паѓа. За најдоходовните 1%, паѓа на 20,1%, додека за најдоходовните 0,1%, на само 12,9%.

**ГРАФИКОН 4**

**Вкупна ефективна даночна стапка за различни доходовни групи**




Извор: Министерство за финансии

# ГЛАВНИ ПРОМЕНИ ШТО СЕ ПРЕДЛАГААТ КАЈ ДАНОКОТ НА ДОХОД

Со цел да се адресира постоечката регресивност кај данокот на доход, како и да се обезбедат дополнителни буџетски средства за обезбедување квалитетни јавни услуги, се предлагаат следните промени:

1. **Поделба на доходот на две групи - доход од труд и доход од капитал**. Ваква поделба има во повеќето земји од регионот (Хрватска, Словенија, Албанија, Србија).
2. **За доходот од труд** (плати, пензии, договори за дело, доход од авторски права, доход од самостојна дејност), се воведува прогресивност, односно дополнителна стапка од 18% **за даночната основа** која надминува 1.080.000 денари годишно, односно 90.000 денари месечно. Конкретно, за даночна основа (т.е. бруто-доход, минус социјални придонеси, минус даночно намалување) **до 90.000 денари месечно, даночната стапка останува 10%.** Тоа значи дека за најголем дел од населението номиналната даночна стапка останува иста. **Стапката од 18% ќе важи само за износот над тоа.** На пример, на месечна даночна основа од 100.000 денари, за 90.000 денари ќе се плаќа данок по стапка од 10%, додека за 10.000 денари ќе се плаќа данок по стапка од 18%.
3. **Зголемување на даночното намалување** кај платите и пензиите, односно делот на кој не се плаќа данок, на 8000 денари. Со тоа **се влијае на намалување на ефективната даночна стапка за лицата што остваруваат доход од плати.**
4. **Оданочување на доходот од капитал** (закуп и подзакуп, дивиденди, капитални добивки, добивки од игри на среќа) и другиот доход со **единствена стапка од 15%.** Поради нередовноста на овој доход, во пракса е поедноставно тој да се оданочува со единствена стапка отколку со прогресивни стапки. Ваква е практиката и во земјите од регионот (Хрватска, Словенија, Албанија, Србија). Поради тоа што овој доход во најголема мера завршува кај најдоходовните сегменти од популацијата, со цел да се обезбеди поправедна дистрибуција на доходот, избрана е стапка која е повисока од основната стапка на данокот на доход од труд.

5. Оданочување на **капиталните добивки од хартии од вредност и на каматите од орочени депозити**, како што е во скоро сите европски земји, со стапка од 15%, со одложена примена од 2020 година. На доход од камати до 250 евра годишно, нема да се плаќа данок.

6. **Намалување на нормираните трошоци** кај различните видови доход, односно нивно сведување на слично ниво како во земјите во регионот, како што е прикажано во Табела 8.

**ТАБЕЛА 8**

## Споредба помеѓу новите нормирани трошоци во Македонија и земјите од регионот

| | Хрватска | Словенија | Албанија | Бугарија | Македонија |
|---|---|---|---|---|---|
| доход од имот | 30% | 10% | нема | 10% | 10% - 15% |
| капитални добивки | нема | нема | нема | 10% | 10% |
| доход од авторски права | 30% | 10% | нема | 40% | 20% - 50% |
| друг доход | нема | нема | нема | нема | 50% за корисен цврст отпад, 0% за друго |

Извор: Министерства за финансии на соодветните земји

# СООДВЕТНОСТ НА ПРАГОТ ЗА ПОВИСОКАТА СТАПКА

Прагот за повисоката стапка од 90.000 денари месечно е приближно еднаков на прагот за **најдоходовните 1% од популацијата**. Како што може да се види од Графикон 4, **регресивноста на постојниот данок започнува на ова ниво на доход**.

Табела 9 дава **споредба на прагот за повисоката даночна стапка за земјите од Источна Европа** кои имаат прогресивен данок. Споредбата е направена преку соодносот помеѓу прагот за повисоката стапка, односно доходот до кој важи најниската даночна стапка, и просечниот БДП по глава на жител, како своевидна мерка за просечниот доход во земјата.

**Прагот од 90.000 денари (1463 евра) месечно во Македонија е 3,7 пати повисок од просечниот месечен БДП по жител, и е највисок во Источна Европа.**

ТАБЕЛА 9

**Споредба на прагот за повисоката стапка помеѓу земјите од Источна Европа**

| | Месечен БДП по жител во 2016 година, тековни цени (во евра) | Месечен доход до кој важи најниската даночна стапка (во евра) | Соднос праг/БДП |
|---|---|---|---|
| Словенија | 1.631 | 668 | 0,4 |
| Црна Гора | 530 | 751 | 1,4 |
| Летонија | 1.060 | 1.667 | 1,6 |
| Полска | 938 | 1.638 | 1,7 |
| Словачка | 1.245 | 2.919 | 2,3 |
| Хрватска | 930 | 2.333 | 2,5 |
| Албанија | 311 | 949 | 3,0 |
| Чешка | 1.394 | 4.441 | 3,2 |
| Македонија | 395 | 1.463 | 3,7 |

Извор: Министерства за финансии на соодветните земји и Светска Банка

Ако прагот се спореди со платите во државата, може да се забележи дека само **1% од вработените во Македонија имаат нето-плата што е повисока од прагот од 90.000 денари** (Графикон 5).

ГРАФИКОН 5

**Дистрибуција на месечна нето-плата во Македонија**




Извор: Министерство за финансии

# СТАПКИТЕ НА ДАНОКОТ НА ДОХОД ВО МАКЕДОНИЈА ВО МИНАТОТО

Сѐ до 2007 година, Македонија имаше прогресивен данок на доход. **Од 1994 до 2000 година, данокот беше со три стапки – 23%, 27% и 35%.** Најниската стапка се однесуваше на доходот во висина до 2 просечни плати, средната стапка за доходот помеѓу 2 и 5 просечни плати, додека највисоката стапка за доходот над 5 просечни плати.

**Во 2001 година трите стапки се заменуваат со две, при што и значајно се намалуваат, на 15% и 18%.** Стапката од 15% важи за доходот во висина до 360.000 денари годишно, додека стапката од 18% за доходот над тоа ниво.

**Во 2005 година се воведува трета стапка, од 24%**, која важи за доходот над 720.000 денари годишно.

Во 2007 година стапките повторно значајно се намалуваат, со воведувањето на рамниот данок. Тогаш почнува да се применува единствена стапка од 12%, независно од висината на доходот.

Во 2008 година стапката дополнително се намалува на 10%.

**ГРАФИКОН 6**

**Најниската и највисоката стапка на данокот на доход во Македонија низ годините**




Извор: Министерство за финансии

# ПРАКТИЧНА ПРИМЕНА НА ПРОГРЕСИВНИОТ ДАНОК

**Плаќањето на прогресивниот данок ќе се врши при исплатата на доходот од страна на исплатувачот**. Конкретно, доколку даночната основа на поединечна исплата по некој од основите кој се даночи со прогресивни стапки го надминува прагот од 90.000 денари, за делот над 90.000 ќе се плати данок по повисоката стапка од 18% уште во моментот на исплатата. На пример, доколку се исплаќа надоместок по основ на договор за дело од 100.000 денари, исплатувачот ќе треба да плати вкупен данок од 10.800 денари (10%, односно 9.000 за делот што е до 90.000, и 18%, односно 1.800 за делот што е над 90.000).

**На крајот на годината, со годишната даночна пријава ќе се врши пребивање** помеѓу вкупниот доход што го остварило едно лице и вкупниот данок што бил платен, и доколку постои разлика помеѓу платениот данок и данокот што треба да се плати за остварениот доход, **на лицето ќе му се врати повеќе платениот данок, или пак лицето ќе треба да доплати**. На пример, доколку на лицето од горниот пример тие 100.000 денари му се единствениот доход во годината, на него ќе му бидат вратени 800 денари, затоа што 100.000 денари на годишно ниво е под годишниот праг од 1.080.000 денари за повисоката стапка од 18%, односно, за годишен доход од 100.000 денари, стапката е 10%.

**За да можат граѓаните навремено и прецизно да следат** колку доход имаат остварено во текот на годината, колку данок имаат платено, колку данок треба да доплатат или да им се врати, а со тоа и соодветно да си планираат, ќе се изработи **онлајн сервис** преку кој граѓаните во кое било време ќе можат да ги добијат сите овие информации, и преку кој ќе можат предвреме да доплатат даночен долг.

# ПРОМЕНИ КАЈ ЛИЦА СО РАЗЛИЧНИ НИВОА НА ДОХОД

Табела 10 ги покажува импликациите од предложените промени за различни нивоа на бруто плата, односно, покажува колку е сегашната нето плата и колку би била новата, за различни износи на бруто-плата.

Бруто плата од 140.000 денари со постојната стапка од 10% изнесува 92.733 денари нето, додека со предложените промени, таа би изнесувала 92.444 денари нето. **Тоа значи дека дополнителниот данок за бруто-плата од 140.000 денари е 289 денари, односно 0,2% од бруто-платата.**

За бруто-плата од 160.000 денари, што е еднакво на сегашна нето-плата од 105.873 денари, разликата помеѓу сегашната и новата нето-плата изнесува 1.457 денар, односно 0,9% од бруто-платата.

ТАБЕЛА 10

**Импликации од предложените промени за различни нивоа на бруто плата**

| Бруто-плата (денари) | Нето-плата со старите стапки (денари) | Нето-плата со новите стапки (денари) | Разлика ново - старо (денари) | Дополнителен данок (% од бруто-плата) |
|---|---|---|---|---|
| 100.000 | 66.453 | 66.500 | 47 | 0,0% |
| 110.000 | 73.023 | 73.070 | 47 | 0,0% |
| 120.000 | 79.593 | 79.640 | 47 | 0,0% |
| 130.000 | 86.163 | 86.210 | 47 | 0,0% |
| 140.000 | 92.733 | 92.444 | -289 | 0,2% |
| 150.000 | 99.303 | 98.430 | -873 | 0,6% |
| 160.000 | 105.873 | 104.416 | -1.457 | 0,9% |
| 170.000 | 112.443 | 110.402 | -2.041 | 1,2% |
| 180.000 | 119.013 | 116.388 | -2.625 | 1,5% |
| 190.000 | 125.583 | 122.374 | -3.209 | 1,7% |
| 200.000 | 132.153 | 128.360 | -3.793 | 1,9% |

Извор: Министерство за финансии

Вкупните буџетски импликации од промените се - **повисоки буџетски приходи за околу 25 милиони евра, т.е. 0,25% од БДП.**

**Вкупно, околу 453.000 лица ќе имаат намалување на ефективната даночна стапка, додека само 38.000 лица ќе имаат зголемување.** Споредбата помеѓу сегашната и новата ефективна даночна стапка, за различните доходовни групи од популацијата, е прикажана во Графикон 7. Евидентно е дека за најголем дел од популацијата новата ефективна даночна стапка е пониска од моменталната, додека позначајно зголемување има единствено кај најдоходовните 1%. **За најдоходовните 1% од населението, зголемувањето на ефективната даночна стапка изнесува 4 процентни поени,** додека за групата под тоа, зголемувањето е 0,6 процентни поени.

**ГРАФИКОН 7**

**Ефективна даночна стапка за одделните центили на население, сега и по реформата (во проценти од бруто-доход)**




Извор: Министерство за финансии

Графикон 8 прикажува од кои сегменти на популацијата доаѓаат дополнителните приходи. Може да се види дека **најдоходовните 1% од популацијата даваат вкупно 120% од вкупните дополнителни приходи,** додека за најголем дел од населението придонесот е негативен, што значи дека **постои редистрибуција од најдоходовните 1% кон останатите.**

**ГРАФИКОН 8**

## Придонес на одделните доходовни групи на население во вкупните дополнителни приходи (во %)




Извор: Министерство за финансии

# МАКРОЕКОНОМСКИ ЕФЕКТИ ОД ПРОМЕНИТЕ

Придобивките од предложената реформа би биле повеќекратни. Како прво, **се очекува да се намалат социјалните разлики**, со што ќе се подобрат општествената кохезија и довербата помеѓу луѓето, односно она што економистите денес го нарекуваат општествен капитал.

Понатаму, ќе се изврши редистрибуција од оние што заработуваат повеќе, кон оние што заработуваат помалку. Поради тоа што оние што заработуваат повеќе имаат помала склоност кон потрошувачка, со ова **ќе се зголеми вкупната потрошувачка во општеството, со што пак ќе се влијае позитивно врз економската активност.**

Дополнително, ќе се обезбедат **повеќе средства за државниот буџет.** Дел од овие средства ќе се искористат за **воведување минимален гарантиран приход**, а остатокот за подобрување на **здравството, образованието и другите јавни услуги.**

Преку сето тоа, ќе се подобри квалитетот на живот, што ќе придонесе и за **забавување на трендот на иселување од земјата.**

Повисоките буџетски приходи ќе значат и понизок дефицит, а со тоа и **забавување на темпото на раст на јавниот дол**г. Со тоа ќе се намалат и каматните стапки на задолжувањето, а воедно и средствата што се издвојуваат од Буџетот за сервисирање на долгот.

Заради сите гореспоменати причини, **се очекува да се зголеми стапката на економски раст.**

Не се очекуваат значајни ефекти врз даночната евазија. Како што покажуваат искуствата на другите земји кои го напуштија рамниот данок во последниве години, и како што покажуваат студиите (Keen, Kim и Varsano, 2006[2], Saez, Slemrod и Giertz, 2012)[3] ефектите од воведувањето на прогресивниот данок врз евазијата се минимални. Дополнително,

[2] Michael Keen, Yitae Kim, and Ricardo Varsano, "The "Flat Tax(es)": Principles and Evidence", International Tax and Public Finance (2008) 15:6, 712-751

[3] Emmanuel Saez, Joel Slemrod, and Seth H. Giertz (2012), "The Elasticity of Taxable Income with Respect to Marginal Tax Rates: A Critical Review", Journal of Economic Literature (2012), 50:1, 3–50

по воведувањето на рамниот данок во Македонија не се забележа зголемување на буџетските приходи. Приходите во Буџетот по основ на персонален данок на доход во 2006 година изнесуваа 2,5% од БДП, додека по целосното воведување на рамниот данок во 2008 година, тие паднаа на 2,1% (Графикон 9).

**ГРАФИКОН 9**

**Буџетски приходи од данок на доход (како % од БДП)**




Извор: Министерство за финансии